**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за животна средина**
**Палата "Емануел Чучков", ул.“Павел Шатев“ бр.2, 5-ти спрат**
**http://www.sei.gov.mk/**

**Решение број ИП1- 09-53**
**од 14.08.2023 година**

Државниот инспекторат за животна средина, преку Виш водостопански инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015, изврши **редовен** инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Акционерско друштво за производство и преработка на мермер **ФИМАР БАЛКАН АД Скопје**, во подружница бр.1 рудник за мермер - Присад, с.Присад, општина Прилеп, со деловно седиште на ул.Орце Николов бр.147 Б 1000 Скопје, застапувано од Абдулсамет Еммиоглу Извршен директорор со со Записник број ИП1-09-53 од 11.08.2023 год. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став (2) и член 234 став (2) од Закон за водите (“ Службен весник на РМ “ бр. 87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015;52/2016 и 151/2021) како и член 83 став (2) од Закон за инспекциски надзор (Службен весник на РМ бр.102/2019), го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1)Се изрекува **ОПОМЕНА** на субјектот на инспекциски надзор Акционерско друштво за производство и преработка на мермер ФИМАР БАЛКАН АД Скопје, со деловно седиште на ул.“ Орце Николов “ бр.147 Б, 1000 Скопје, со ЕДБС 4080016559049 и ЕМБС 7129696, кој е должен за недостатоците утврдени со записник за подружница бр.1 површински коп, рудник за мермер - Присад, с.Присад,општина Прилеп:

Да го пресмета и уплати на посебна трезорска сметка надоместокот за зафатена и искористена вода од бунарот за технички и санитарни потреби, за секоја година пооделно, согласно водената евиденција според која го евидентира годишното потрошено количество на зафатена и искористена вода од бунарот и да поднеси Барање за продолжување на рокот на важење на дозволата до Министерство за животна средина и просторно планирање Управа за животна средина –сектор води со деловно седиште на Плоштад „ Пресвета Богородица “ бр.3 1000 Скопје.

2) Рок за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1) на ова решение, е **30 (триесет) дена**, од приемот на ова решение .

3) Субјектот на инспекциски надзор, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта (**t.dimeski@sei.gov.mk**) да го извести инспекторот, дали е извршена инспекциската мерка.

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став (1); став(2); став (3), а во врска со член 26, 28, 29 и 213 од Законот за водите (Службен весник на РМ бр.87/2008; 6/2009;161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015; 52/2016 и 151/2021), преку Тони Димески, Виш водостопански инспектор, со службена легитимација број 06-0015, изврши **редовен** инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Акционерско друштво за производство и преработка на мермер **ФИМАР БАЛКАН АД Скопје**, со деловно седиште на ул. Орце Николов бр.147 Б, 1000 Скопје, во подружница бр.1 рудник за мермер-Присад, с.Присад, општина Прилеп, застапувана од присутното лице Сашо Тренчески со раководител на подружницата, состави Записник број ИП1-09-53 од 11.08.2023 год.во кој е констатирана следната состојба:

Правниот субјект ДППМ ФИМАР БАЛКАН АД Скопје во подружница бр.1 Рудник за мермер - Присад, с.Присад, општина Прилеп, работните активности ги извршува согласно условите содржани во Б-ИЕД со број 10-1886/9 27.09.2022 издадена од општина Прилеп, согласно Законот за животната средина. Има Договор за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитет "Галабовец" – Нов Присад, општина Прилеп, бр.24-5774/1 од 16.11.2017 год. и Анекс на договорот за концесија бр.24-120/6 од 05.06.2019 год. склучен со Министерство за економија (рокот на договорот е заклучно со 04.05.2025 год.). Министерството за економија има издадено Одобрение за експлоатација на минерална суровина – мермер со бр.24-4990/2 од 21.06.2006 год. за Рудникот за мермер - Присад, општина Прилеп.

Правниот субјект ДППМ ФИМАР БАЛКАН АД Скопје, за техничко-технолошки и саниртарни потреби во Подружница бр.1 на површинскиот коп за мермер во Рудникот за мермер – Присад, општина Прилеп, зафаќа и користи вода од подземно водно тело – бунар ЕБ1, лоциран на КП 2174 КО Присад, општина Прилеп. Водното право е обезбедено врз основа на Дозвола за користење на вода за технолошки потреби од бунар бр.УП1-11/5-754/2018 од 24.09.2018год. издадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно член 26 и 28 од Закон за водите. Рокот, согласно точка 12 од дозволата е 5 (пет) години, до 24.09.2023 год. Носителот на дозволата правниот субјект ДППМ ФИМАР БАЛКАН АД Скопје, до **Министерство за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина – сектор води, со деловно седиште на Плоштад „ Пресвета Богородица " бр.3 1000 Скопје**, да поднеси Барање за продолжување на времетраењето на дозволата бр.УП1-11/5-754/2018 од 24.09.2018год. согласно член 46 став (4) од Закон за водите, според кој "(4) Барање за продолжување на времетраење на дозволата, носителот на дозволата е должен да поднесе најдоцна шест месеца пред истекот на важноста на дозволата, согласно со постапката утврдена во член 34 од Законот за водите ".

Од извршениот теренски увид на лице место во рудникот Присад, во присуство на овластениот претставник на правниот субјект ДППМ ФИМАР БАЛКАН АД Скопје, се констатира следната фактичка состојба : За непречена експлотација на бунарот заради користење на вода за технолошки потреби во рудникот Присад, се користи и зафаќа вода од подземно водно тело – бунар ЕБ1, преку изграден систем за зафаќање и експлоатација на подземната вода за снабдување со вода за техничко-технолошки и санитарни потреби.Согласно условите во дозволата бунарот ЕБ1 се наоѓа на локација КП 2174 КО Присад општина Прилеп, со кординати Y=7550739 и

X=4585917.Зафаќањето на вода од бунарот не смее да надмине количини поголеми од Qmax = 2 l/sek. Мерниот уред – водомерот поставен во близина на бунарот бил оштетен поради мрзнење, истиот е изваден и треба да се намести нов водомер.

Носителот на дозволата правниот субјект ДППМ ФИМАР БАЛКАН АД Скопје во подружница бр.1, Рудник за мермер - Присад, с.Присад, општина Прилеп, за потрошената вода го нема пресметано и уплатено на посебна трезорска сметка надоместокот за зафатената и искористена вода од бунарот за техничко-технолошки и саниртарни потреби, за секоја година поодделно (согласно месечната водена евиденција според која го пресметува и евидентира годишното потрошено количество на зафатена и искористена вода од бунарот) во висина од 2% од од утврдената цена на водата во јавен водоснабдителен систем за метар кубен вода, согласно точка 11 од дозволата и член 213 точка (29), (30) и (31) од Закон за водите.

Пресметаниот годишен надоместок за секоја година поодделно да се уплати на : Наменска трезорска сметка во рамки на Единствена трезорска сметка, преку која се врши - уплата на паричните средства за надомест за користење на вода,

**Назив на примачот – Буџет на РМ**
**Банка на примачот – Народна банка на РМ**
**Сметка – единствена трезорска сметка 100000000063095**
**Приходна шифра и програма – 718145**
**Уплатна сметка – 840***07197**
***** – се внесува ознаката на општината, на чија територија се вршат активностите за кои е издадена дозвола.**

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение според член 230 од делокруг на водостопански инспектор и постапување според член 234 од Закон за водите, незадоволната странка може да изјави жалба против решението според член 240 од Закон за водите.
Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението, доставена до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, на следната адреса : Кеј Димитар Влахов бр.4 1000 Скопје.
Според член 37 од Законот за административните такси, според тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата на РСМ, за жалба против решение, за тарифен број 2 се уплатува 250 денари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.
Решено во Државен инспекторат за животна средина, со решение број **ИП1- 09-53** од 14.08.2023 година.

**Тони Димески**
Виш водостопански инспектор
Бр.лег. 06-0015

Доставено до :
- Архива
- ДППМ ФИМАР БАЛКАН АД Скопје, ул. Орце Николов бр.147 Б, 1000 Скопје,